Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) Градоначалникот на општина Маврово и Ростуша го дава следново

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање Јавна Презентација и Јавна Анкета по Нацрт-Урбанистички план за село Тресонче, Општина Маврово и Ростуше

Општина Маврово и Ростуша за Нацрт-Урбанистички план за село Тресонче, општина Маврово и Ростуша, ќе спроведе Јавната Анкета во периодот од 08.07. до 22.07.2013 год. , Стручната презентација на Нацрт-планот ќе се одржи во с.Тресонче на ден 15.07.2013 год. со почеток во11 часот.

Целокупниот опфат на Урбанистичкиот план за с.Тресонче е со површина од 20,91 ха и е поделен на 3 Урбани блокови. Во опфатот се предвидени намените: А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Д2 - заштитно зеленило, Д3 - спорт и рекреација, Е-инфраструктура, сообраќајници и река.

Границата на плански опфат на урбанистичкиот план е сложена линија која е дефинирана со прекршни точки - утврдена со 140 координатни точки, дефинирани со - х, у коодринати, приложени во нацрт-Урбанистичкиот план за с.Тресонче.

Јавната анкета ќе се спроведе со изложување на нацрт-урбанистичкиот план во горенаведениот период во просториите на Одделението за урбанизам на Општина Маврово и Ростуше - во Маврови Анови и во с.Тресонче .

Сите заинтересирани физички и правни лица доколку имаат забелешки на изложениот нацрт-план, истите може да ги достават на Анкетни ливчиња до општина Маврово и Ростуше – Одделение за урбанизам – М.Анови, во периодот на времетраење на Јавната анкета, во писмена форма .

Општина Маврово и Ростуша